Врз основа на член 58 став (1) од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 9 јуни 2020 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ВНЕСУВАЊЕ И ШИРЕЊЕ НА КОРОНАВИРУС COVID-19

**Член 1**

Во Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.62/20, 63/20, 64/20, 66/20, 70/20, 72/20, 92/20, 100/20, 107/20, 109/20, 119/20, 123/20, 125/20, 126/20, 134/20, 136/20, 140/20 и 147/20), во член 1, став 1, во точката 1, по ставот 5, се додава нов став кој гласи:

„Активностите, начинот на работа и условите поврзани со постапката за спроведување и полагање на квалификационен испит на учениците во Државното средно училиште за ликовна уметност и дизајн Лазар Личеноски Скопје во учебната 2020/2021, се утврдуваат во и одвиваат со задолжително почитување на Протоколот за спроведување и полагање на квалификационен испит на учениците во Државното средно училиште за ликовна уметност и дизајн Лазар Личеноски Скопје во учебната 2020/2021 од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство и од Министерството за образование и наука, кој е даден во Прилог број 16 и е составен дел на оваа одлука.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

Бр.44-2147/19
9 јуни 2020 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски

**Прилог бр.16**

## ПРОТОКОЛ

**за спроведување и полагање на квалификационен испит на учениците во Државното средно училиште за ликовна уметност и дизајн Лазар Личеноски Скопје во учебната 2020/2021**

1. Полагањето на учениците, прегледувањето на цртежите, истакнувањето на резултати, поднесувањето на приговори, разгледувањето на приговорите и објавување на конечните резултати да се одвива во период од 8:00 часот до 17:00 часот.
2. Во средното училиште да се обезбедат сите санитарно хигиенски услови.
3. Задолжително вршење на дезинфекција на штафелаите во просториите каде ќе се врши полагањето на учениците и прегледувањето на цртежите, како и разгледувањето на приговорите со дезинфекционо средство кое делува на вируси според упатство од производителот.
4. Користење на заштитна маска, марама или шал со кои ќе бидат покриени устата и носот од страна на сите вработени во средното училиште.
5. Користење на заштитна маска, марама или шал со кои ќе бидат покриени устата и носот,од страна на сите ученици.
6. Организирање на просторот во училниците, со цел спроведување на редот и одржување на потребното физичко растојание меѓу учениците од минимум 2 метри, за присуство на максимум 6 (шест) ученици во една училница. Согласно фактот дека во изминатите 5 години бројот на кандидати за упис во просек е 70, испитот да се спроведе во 14 училници.
7. Организирање на редарска служба во средното училиште, со цел спроведување на редот и одржување на потребното растојание меѓу учениците од минимум 2 метри пред и внатре во училиштето и тоа 2 редари пред влезот на училиштето и 2 редари во училиштето. Редарите да се ангажираат од редот на вработените во училиштето, за што одлучува директорот на средното училиште.
8. Поставување на ознаки со кои се означува правец на движење и запазување на минимум потребното растојание при чекање ред на учениците пред и внатре во училиштето.
9. Овозможување на влез само на ученикот, не и на неговиот родител, кој носи заштитна маска, марама или шал со кои ќе бидат покриени устата и носот, кои влегуваат во училиштето.
10. Задолжително носење документ за лична идентификација.
11. Забрането е користење на мобилен. За време на испитот забранет е внес на мобилни телефони.
12. Поставување на средства за дезинфекција на влезот во училиштето, како и пред и во просториите каде ќе се врши полагањето на учениците, прегледувањето на цртежите, истакнувањето на резултати, поднесувањето на приговори, разгледувањето на приговорите и објавување на конечните резултатите.
13. На крајот на секој ден задолжително механичко чистење и дезинфекција со средство кое делува на вируси според упатство од производителот, алтернативно може да се користи 0,05% натриум хипохлорит (5% белило за

домаќинство кое се користи во размер 1:100) или 70% алкохол за дезинфекција на горни површини.

14. Редовно одржување на тоалетите со задолжително водење на евиденција за спроведеното чистење и употреба на горенаведените дезинфекциони средства.

**Заради заштитата на здравјето, се повикуваат сите ученици на доследно почитување на превентивните мерки од Владата:**

- Бидете трпеливи, чекајте во ред пред училиштето и одржувајте најмалку 2 метри растојание од лицата околу вас, пред и во училиштето.
- Почитувајте ги препораките на редарите и влегувајте во училиштето еден по еден т.е откако редарот ќе ви дозволи.
- Задолжително носете заштитна опрема (маска, марама, шал), во спротивно нема да ви биде дозволен влез во училиштето.